„Некои луѓе или ќе престанат да го оставаат петочниот намаз, или Аллах ќе им ги запечати срцата – па ќе станат од небрежните.“

Абдулах бин Омер и Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со обајцата, раскажуваат дека го слушнале Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели, додека стоел на минберот: „Некои луѓе или ќе престанат да го оставаат петочниот намаз, или Аллах ќе им ги запечати срцата – па ќе станат од небрежните.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, строго предупредува – стоејќи на минберот – на оставањето на петочниот намаз без оправдана причина, поради небрежност или мрзеливост. Во спротивно, Аллах ќе ги запечати нивните срца, ќе ги покрие и ќе постави пречка што ќе ги спречи да го следат вистинскиот пат, а потоа ќе станат од оние што се незаинтересирани и рамнодушни кон доброто и покорноста.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65767